ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11 - 780/1
Датум: 29.01.2024
Скопје

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање ( Сл.весник на РМ бр. 32/20), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 55, 56, 57 од Статутот на Општина Карпош го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН УВИД НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ НА ДЕЛОВИ ОД КП 478/2, 478/11 И 479/1 И ПРИСТАПНА УЛИЦА НА ДЕЛОВИ ОД КП 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 478/11, 479/1 И 480/1, КО БАРДОВЦИ, ОПШТИНА КАРПОШ

Проектниот опфат зафаќа делови од КП 478/2, 478/11 и 479/1 и во неговите рамки е панирана пристапна улица на делови од кп 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 478/11, 479/1 и 480/1, КО Бардовци. Големината на опфатот е одреден согласно потребите на предвидените градби, со обезбедување на соодветен простор за непречено понатамошно функционирање.

Вкупната површина на проектниот опфат во рамките на опишаните граници изнесува 4257m$^2$, односно 0,426 ha. Периметарот на проектниот опфат изнесува 419,70m'

За предметниот опфат нема одобрена претходна урбанистичка документација. Предметниот проектен опфат тангира со Урбанистички План за Село Бардовци (одлука бр. 07-656/7 од 31.01.2014 год.) и за истиот е доставен извод од план. Прибавени се Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, со број Y03023 од април 2023г издадени од страна на Агенција за планирање на просторот и Решение за Услови за планирање на просторот со број УП1-15 789/2023г од 13.04.2023г од Министерство за животна средина, а се однесуваат на делови од КП 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 478/11, 479/1 и 480/1 со намена А4.3 – Викенд куќи кои се основа за дефинирање на градежните парцели.

Проектниот опфат зафаќа делови од КП 478/2, 478/11 и 479/1 и во неговите рамки е панирана пристапна улица на делови од кп 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 478/11, 479/1 и 480/1, КО Бардовци.

Големината на опфатот е одреден согласно потребите на предвидените градби, со обезбедување на соодветен простор за непречено понатамошно функционирање.

Примарна цел на урбанистичкиот проект е дефинирање на шест (6) градежни парцели на дел од КП 478/2, 478/11 и 479/1, КО Бардовци и овозможување на изградба на објекти – викенд куќи.

Сообраќајниот пристап е овозможен преку планирана пристапна улица на делови од КП 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 478/11, 479/1 и 480/1, КО Бардовци, која се надоврзува на претходно планирана сообраќајница со Урбанистички План за Село Бардовци (одлука бр. 07- 656/7 од 31.01.2014г) профил 1 – Станбена Улица „Е".

Границата на проектниот опфат се движи како што следи:

- на исток границата започнува од најсеверната точка 1 и се движи сечејќи ги КП 477/2 и КП 477/1, КО Бардовци, отпрвин во источен правец до најисточната точка 17, а потоа во јужен правец до точката 45.

- на југ границата се движи во западен правец сечејќи ги КП 477/1 и КП 480/1, КО Бардовци, сè до најјужната точка 62.

- на запад границата се движи во северен правец сечејќи ги КП 480/1, КП 479/1, 478/11, КП 478/1 и КП 478/2, КО Бардовци, сè до најзападната точка 66.

- на север започнува од најзападната точка 66 и се движи сечејќи ги КП 478/2, КП 478/1 и КП 477/1, КО Бардовци, отпрвин во источен правец до точката 88, а потоа во северен правец, сè до почетната точка 1.

Проектна документација се изработува по прифатена Иницијатива за изработка на урбанистичката документација од страна Комисијата за урбанизам на Општина Карпош.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А4.3 – Викенд куќи на делови од КП 478/2, 478/11 и 479/1 и пристапна улица на делови од КП 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 478/11, 479/1 и 480/1, КО Бардовци, Општина Карпош, ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната веб страна на Општина Карпош: https://karpos.gov.mk/ .

Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението започнувајќи од 29.01.2024 година. Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со проектот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Раководител на Одделение
Гордана Силјаноска, диа

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

Раководител на Сектор
Благица Блажевска, диа